## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ „БАКТЕРИОЛОГИЈА“ ОД ПРОФ. Д-Р САША МИТРЕВ И ДОЦ. Д-Р ЕМИЛИЈА АРСОВ, ЗЕМЈОДЕЛСКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр. 1302-207/6 од 16.11.2017 г., донесена на 145. редовна седница на Наставно-научниот совет на Земјоделски факултет, избрана е Рецензентска комисија во состав:

– проф. д-р Душан Спасов, редовен професор на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип и
– доц. д-р Билјана Ковачевиќ, доцент на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип

за подготвување на писмен извештај - рецензија на приложениот ракопис **„Бактериологија”** од **проф. д-р Саша Митрев** и **доц д-р Емилија Арсов,** наменет за студентите на прв циклус студии на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

Комисијата во горенаведениот состав направи детална анализа и преглед на ракописот и го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

**Општи податоци за ракописот**

Ракописот „Бактериологија” од проф. д-р Саша Митрев и доц. д-р Емилија Арсов е јасно конципиран и пишуван според Наставниот план и програма за предметот Бактериологија, кој се изучува како задолжителен предмет на првиот циклус студии на ниво на Универзитет „Гоце Делчев” – Штип, во четврта година, седми семестар, како задолжителен предмет со неделен фонд на часови 2+2+1, и носи 6 кредити, вкупно 180 кредити.

Ракописот кој им е доставен на рецензентите претставува материјал преку кој студентите ќе можат да ги надополнат своите сознанија од потесната област на фитопатологијата – бактериологија (општ дел, проучување на подетални карактеристики на фитопатогените бактерии), но и ќе може да се реализираат барањата на предметната програма и ЕКТС системот.

**Податоци за обемот ракописот:** Содржината на ракописот, кој е наменет за издавање на привремено учебно помагало - скрипта по предметот Бактериологија е претставен во текст од вкупно 85 страници, со 13 фотографии.

Скриптата е пишувана според Упатството за пишување на публикации на ниво на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, на А4 формат со нормален проред, употребен фонт ариал, со големина на буквите 11. Ракописот е подготвен според стандардната методологија, а обемот на трудот и неговата содржина ги задоволуваат критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип. Ракописот по обемот и содржината ги задоволува критериумите за скрипта и кореспондира со бројот на часови на предметот Бактериологија за студентите на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Скрипта со ист или сличен наслов што обработува иста содржина на Универзитетот „Гоце Делчев“, како и на останатите државни и приватни универзитети во Македонија, досега не е објавена и како целина и начин на обработка на материјата, ракописот е оригинално дело.

**Краток опис на содржината:** Ракописот е напишан на лесен, едноставен и разбирлив јазик. Материјата опфаќа основни поими од бактериологијата, конципирани во т.н. општ дел Бактериологија.

Скриптата детално ги обработува општите особини на фитопатогените бактерии, како и нивното потекло и еволуција.

Во делот за специјализација, класификација и номенклатура на бактериите, авторите даваат детален опис за настанување на имињата на патогените бактерии. Овие делови се збогатени со голем број на практични примери и латински имиња, важни за студентите за навлегување постепено во специјалниот дел на бактериологијата.

Исто така, детален опис авторите даваат и на следниве поглавја каде што ја опишуваат патогенезата, патолошките промени и бактериското дејство во растението домаќин.

Методологијата на лабораториската работа, која е вовед и за изведување на практичните лабораториски вежби е опишана целосно и може да служи и како водич за практичната работа на студентите.

Последните поглавја од скриптата Бактериологија даваат акцент на практична примена на мерките за заштита од бактериските причинители.

Секое од горенаведените поглавја е детално опишано и кореспондира со наставниот план и програма за предметот.

Цитираната литература е практична, применлива и со хронолошки ред што дава една комплетна слика за општиот дел од бактериологијата.

Стилот, начинот на пишување и обработка на материјата во скриптата „Бактериологија“, наменета пред сè за студентите на Земјоделски факултет, може да биде искористена и од страна на индивидуални земјоделски производители и сите кои имаат потреба од квалитетно земјоделско производство без присуство на патогени од бактериска природа.

## ЗАКЛУЧОК

Материјата обработена во ракописот за скрипта со наслов „Бактериологија“ во целост ги задоволува потребите на општиот дел од Наставниот план и програма по предметот Бактериологија за студентите на прв циклус студии на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

Според начинот на елаборирање на материјата, ова учебно помагало ги исполнува сите стандарди на скрипта поради што сметаме дека ќе им биде од голема корист на студентите на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип во совладувањето на овој предмет.

Рецензентската комисија има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ракописот „Бактериологиа“ од проф. д-р Саша Митрев и доц. д-р Емилија Арсов да биде издаден како учебно помагало – скрипта за студентите на прв циклус студии на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” - Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Проф. д-р Душан Спасов, редовен професор, с.р.**
**Доц. д-р Билјана Ковачевиќ, доцент, с.р.**